РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1214/3 (2022)
08-08-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на 03.08.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-2201/1 од 21.06.2021 година со наводи за злоупотреба на службената положба од страна на директорот на ЈКП /// – ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-2201/1 од 21.06.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2201/1 од 21.06.2021 година е оформен по претставка препратена од Државниот завод за ревизија, која до Државниот завод за ревизија била доставена од страна на анонимен подносител, со наводи за судир на интереси кај претседателот на Советот на Општина ///, поради тоа што, како што е наведено во пријавата, се вработил во ЈКП /// – ///. Исто така, до ДКСК на 21.02.2022 година од непознат подносител доставена е уште една пријава заведена под број 12-1214/1 со наводи дека ///, директор на ЈКП /// – ///, со цел да добие поени кај населението, посебно за време на избори, не ги пуштил за исплата сметките за вода и ѓубретарина со што го оштетил буџетот на ЈКП /// – ///, кое и без тоа со години се наоѓало во тешка финансиска состојба. Имајќи предвид дека пријавите се од анонимни подносители, со ограничени информации, а во нив се изнесени наводи кои се однесуваат на исти околности, ДКСК на колегиум одржан на 09.05.2022 година заклучи двата предмета да се спојат и да се постапува по еден единствен предмет – предметот со број 12-2201/1. (Службена белешка бр. 12-1214/2 од 26.05.2022 година).

Ценејќи ги наводите во пријавите, ДКСК констатира дека нема основи за постапување по наводите за судир на интереси од причина што начинот на кој е определена постапката за вработување во јавните претпријатија во постојната законска регулатива овозможува фаворизирање на кандидати за вработување преку доделување на поголем број на поени во фазата на интервју, за што ДКСК години наназад укажува, и за што се дадени предлози за измени на законската рагулатива, кои не се спроведени. Во однос на наводите за злоупотреба

на службена положба на /// преку неиздавање на сметки за вода и ѓубретарина, ДКСК нема механизми за испитување и потврдување на истите.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk